Република Македонија
**Државен завод за индустриска сопственост**

Бр. ___________
Дата ________

**Државен завод за индустриска сопственост**
ул. 11 Октомври бр.25,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3103 601
Сајт: http://ippo.gov.mk

# *ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА ИНДУСТРИСКА СОПСТВЕНОСТ ЗА 2013 ГОДИНА*

***М-р Сафет Емрули***
***ДЗИС***
***18.01. 2013***

## *I.Вовед*

Државниот завод за индустриска сопственост е самостоен орган на државната управа кој се финансира од сопствени приходи и е институција која е надлежна за спроведување на административната постапка за стекнување и одржување на правата од индустриска сопственост, но има и пошироки надлежности утврдени со Законот за индустриската сопственост ("Службен весник на Република Македонија" 21/09 и 24/2011).

Надлежностите на Заводот се однесуваат и на иницирање на ратификации на меѓународни договори, следење на нивното извршување, соработка со меѓународни, европски и регионални организации за индустриска сопственост, соработка со други субјекти вклучени во системот на заштита на правата од индустриска сопственост, промоција на заштитата на индустриската сопственост и др. Заводот ја претставува Република Македонија и учествува во работата на телата и комитетите на WIPO, EPO, а исто така е вклучен и во меѓународната соработка во рамки на ЕУ, СТО и билатералните договори за слободна трговија.

Со Одлука на Владата на Република Македонија Заводот е определен за раководење со работната група за Поглавјето 3.7 - Право на интелектуална сопственост - во подготовката на Националната програма за усвојување на правото на ЕУ и подготовките за преговарачки позиции. Исто така, Заводот е определен за вршење на административните работи на Координативно тело за интелектуална сопственост преку кое се остваруваат значајни активности во областа на спроведувањето на заштитата на интелектуалната сопственост и борбата против фалсификувањето и пиратеријата. Со тоа Заводот се појави и како институција која ќе го координира процесот на зајакнување на целиот систем на развој и заштита на правата од индустриска сопственост, но и системот на спроведување на заштитата на правата од индустриска сопственост.

Заводот ги спроведува обврските кои произлегуваат од Законот за индустриската сопственост, но и обврските од евроинтеграционите процеси, членството во Светската организација за интелектуална сопственост, Светската трговска организација и Европската патентна организација. Во таа насока се превземаат низа активности соодветно и најодговорно да се одговори на поставените задачи на планот на хармонизација на легислативата, прифаќање на меѓународни договори и конвенции, зајакнување на билатералната соработка, учество во работата на телата на овие Организации, (освен на Светската трговска организација), и спроведува активности на планот на афирмација и поттикнување на индустриската сопственост во Република Македонија.

Сите активности кои ќе бидат превземени во текот на 2013 година ќе бидат насочени кон исполнувањето на:

***Мисијата*** *на Државниот завод за индустриска сопственост е да обезбеди услови за ефикасна и ефективана заштита на правата од индустриската сопственост и да го подигне нивото на заштита согласно високите меѓународни стандарди, како и активно да придонесува во креирањето на целокупниот систем на заштита и спроведување на заштитата на правата од индустриската сопственост. Така изградениот систем ќе претставува исполнет услов за интегрирањето во европските структури и ќе претставува моќна алатка за економски, културен и социјален развој на државата. За да ја реализира својата мисија, Заводот ќе обезбеди координирано, континуирано и ефикасно надградување на правната рамка, како и градење на кадровските капацитети, ќе биде активен член во градење на позицијата на државата во мегународните институции.*

***и***

***Визијата*** на *Државниот завод за индустриска сопственост е да обезбеди систем на заштита согласно меѓународните стандарди и да претставува моќен инструмент за поттикнување на активностите на креативниот ум заради развој на стопанството, да ја заштитува индустриската сосптвеност, а со тоа рамноправно да ги штити и потрошувачите и авторите.*

## I.1 Скратени изрази

За поедноставно читање на текстот на Програмата на Заводот низ текстот на истата се користат скратени изрази со значење содржано во следната табела:

| Бр. | Кратенка | Значење |
|---|---|---|
| 1. | ДЗИС | Државен завод за индустриска сопственост |
| 2. | МЕ | Министерство за економија |
| 3. | СЕПМСПРК | Сектор за европски прашања, меѓународна соработка правни работи и координација |
| 4. | СПТНП | Сектор за патенти, технолошко набљудување и промоција |
| 5. | СТМИДГО | Сектор за трговски марки, индустриски дизајн и географска ознака |
| 6. | СОР | Сектор за општи работи |
| 7. | ОИРИ | Одделение за издавачки работи и информатика |
| 8. | ОВР | Одделение за внатрешна ревизија |
| 9. | МФ | Министерство за финансии |

| | | |
|---|---|---|
| 10. | АА | Агенција за администрација |
| 11. | ЗИС | Закон за индустриска сопственост |
| 12. | КТИС | Координативно тело за индустриска сопственост |
| 13. | ДПИ | Државен пазарен инспекторат |
| 14. | СОИС | Светска организација за интелектуална сопственост |
| 15. | ЕПО | Европска патентна организација |
| 16. | ЕПЗ | Европски патентен завод |
| 17. | ЦЕХ | Централна единица за хармонизација при Министерството за финансии |

## *II. Куса анализа на остварувањата во 2012 година и проценка на остварувањата за 2013 година*

Во 2012 година Државниот завод за индустриска сопственост успешно и ефикасно ја реализираше основната надлежност за спроведување административна постапка за стекнување и одржување на правата од индустриска сопственост.

Во текот на 2012 година зголемена е ефикасноста во работењето на Заводот што се гледа од зголемениот број на решени предмети, односно издадени решенија, но и од големиот број на разни дејствија преземени во постапката, како и бројот на извршени услуги.

И во текот на 2013 година се очекуваат позитивни резултати во делот на спроведување на управната постапка за признавање на правата од индустриска сопственост со зголемување на бројот на извршени дејствија во постапката и зголемување на ефикасноста во работењето преку понатамошно скратување на времето од поднесување на пријавата до отпочнување на постапката за признавање. При тоа треба да се има предвид дека според Законот постојат рокови кои мора да се почитуваат бидејќи произлегуваат од обврската за правото на првенство и други рокови на постапката согласно меѓународните договори со кои е усогласен Законот за индустриската сопственост.

Меѓутоа, активностите на Заводот во 2012 година беа многу пошироки од спроведувањето на основната законска надлежност, спроведување на управната постапка за признавање и одржување на правата од индустриска соственост.

Обезбедувањето ефикасен систем на заштита и спроведувањето на правата од интелектуална сопственост се едни од основните критериуми кои треба да бидат исполнети во процесот на пристапување кон Европската унија и претставуваат

обврска која произлегува од Спогодбата за стабилизација и асоцијација. Ефикасната заштита претставува јасен сигнал за градење поволна пазарна клима и за привлекување странски инвестиции. Во таа насока, Заводот во текот на 2012 година, во рамките на своите надлежности ги насочи своите активности кон оставрување на таа цел, особено преку активности во врска со реализирање, ажурирање и подготовка на ревизија на НПАА; координирање на активностите за спроведување на Стратегијата за интелектуална сопственост и евалуација на спроведените активности согласно Акциониот план и учество во подготовката на Методологијата за статистичко следење и обработка на податоци за преземени мерки од спроведување на правата од интелектуална сопственост.

Државниот завод за индустриска сопственост имаше активна улога и во делот на зајакнување на системот на заштита на правата од индустриска сопственост. Во 2012 година Координативното тело за интелектуална сопственост продолжи да работи на полето на санкционирање на повредите на правата од интелектуална сопственост. И во 2013 година се очекува Државниот завод за индустриска сопственост да продолжи со координација на активностите на ова тело.

## ***III. Програма за работа на Државниот завод за индустриска сопственост за 2013 година со конкретни предлог активности за реализација***

Програмата за работа на Државниот завод за индустриска сопственост е систематизирана во 8 дела кои се во согласност со надлежностите на Заводот утвдени со Законот за индустриската сопственост, Програмата на Владата на Република Македонија и обврските кои произлегуваат од членството на Република Македонија во меѓународните и регионални организации од областа на индустриската сопственост.

### III.1 Јакнење на капацитетот на ДЗИС

Програмата за работа на Заводот во делот кој се однесува на Јакнење на капацитетот на ДЗИС се заснова на обврските кои произлегуваат од обемот на работата, анализата на состојбите во областа на заштитата на индустриската сопственост, потребата за пермаментно надградување на системот на заштита и спроведување на заштитата, обврските преземени со Спогодбата за стабилизација и асоцијација и обврската за давање придонес во реализацијата на стратешките приоритети на Владата на Република Македонија.

**Програма**: Заштита на индустриската сопственост
**Потпрограма**: Јакнење на капацитетот на ДЗИС
**Дата**: Фискална година 2013
**Динамика**: континуирано
**Цел**: Обезбедување на законито стручно и и ефикасно спроведување на управната постапка за признавање и заштита на правата од индустриска сопственост

| Активност | Одговорни | Рок или динамика | Потребни ресурси | Индикатор |
|---|---|---|---|---|
| 1. Обработка на пријави (домашни и меѓународни) на патенти, трговски марки, индустриски дизајн и географски називи | Раководители на сектори | континуирано | Вработување на државни службеници; | Нумерички показатели дадени во месечни, квартални и годишни извештаи за завршени предмети |
| 2. Вршење на промени во националниот и меѓународниот регистар; постапување по приговори по национални и меѓународни пријави; огласувања ништовност (национални и меѓународни); престанок поради некористење (национални и меѓународни). | Раководители на сектори | континуирано | Вработување на државни службеници; | Нумерички показатели дадени во месечни, квартални и годишни извештаи за завршени дејствија |
| 3.Оценување на потребите од обука на државните службеници во ДЗИС | Раководители на сектори | октомври | Обезбедување податоци од субјектите | Подготвен План на потреби за обука |
| 4.Донесување на годишна програма за обука на државните службеници во ДЗИС за 2014 година | Помошник раководител на СОР | ноември | Изготвена Предлог програма за обука за 2014 година | Издадена годишна програма за обука за 2014 година |
| 5. Достава на Полугодишни извештаи за специјализирани обуки за вработените во ДЗИС за периодите (01.07.2012-31.12.2012) и (01.01.2013 – 30.06.2013) до МИОА | Помошник раководител на СОР | Јануари јули | Изготвени Извештаи | Доставени извештаи до Министерств за информатичко општество и администарција |
| 6. Учество во работата на телата на | Директор, Колегиум на | континуирано | Подготвени материјали од | Извештаи по материјали и од |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| меѓународните и регионалните институции, подготовка на мислења и забелешки по документи, учество на состаноци | ДЗИС | | секторите на ДЗИС | состаноци |
| 7.Организирање на 2 обуки во соработка со ЕПО и СОИС од областа на заштитата /спроведувањето на индустриската сопственост | ДЗИС | До крајот на 2013 година | Подготвени теми, целни групи, предавачи и логистика на настанот | Извештаи од обуките, објава на ВЕБ страната на ДЗИС на материјалите |
| 8. Обука на вработените во ДЗИС за изучување на официјалните јазици на Европската патентна организација | ДЗИС | До крајот на 2013 година | ЕПО/ДЗИС | Доделени сертификати |

III.1.1 Во Секторот за патенти, технолошко набљудување и промоција, во текот на 2013 година, согласно Планот за работа треба да се распоредат за работа европските пријави кои ќе влезат во национална фаза и кои ќе бидат поднесени во тековната 2013 година. Европските пријави ќе бидат распоредени тековно, на тој начин што секој месец од страна на патентните испитувачи ќе бидат испитувани пријавите кои ќе бидат поднесени предходниот месец од годинава. Исто така ќе се распоредат и преостанатите 40 домашни или PCT пријави влезени во национална фаза кои се поднесени во 2012 година, и тоа после 12 месеци од денот кога се поднесени пред Заводот.

Во првиот квартал од годината покрај новите пријави поднесени во првите два месеци од 2013 година се планира и завршувањето на административната постапка за признавање на правото на патент за веќе распоредените 235 пријави поднесени пред 2012 година.

Исто така, тековно ќе се обработуваат сите барања за потполно испитување како и барањата за експертско мислење по основ на билатералните договори со Унгарскиот и Романскиот завод. Тргнувајќи од фактот дека бројот на барањата во текот на 2012 година се зголеми во споредна на предходните години, за 2013 година се очекува продолжување на трендот на зголемување на бројот на барањата потполно испитување или за експертско мислење.

Во секторот за трговски марки, индустриски дизајн и географски ознаки согласно Планот за работа, месечно треба да се обработуваат 200 пријави за трговски марки.

Исто така, до 31.05.2013 година треба да се завршат сите пријави за трговски марки од 2012 а пристигнатите пријави од 2013 година, да се завршат до 31.12.2013 година.
Меѓународните пријави за трговски марки и индустриски дизајн тековно ќе се земаат во работа како и меѓународните регистрации направени за Република Македонија преку Мадридскиот систем и Хашкиот договор.
Во текот на 2013 година во Секторот ќе се издаваат месечно по 120 исправи, односно квартално по 360 исправи за трговски марки.

III.1.2 Во Секторот за патенти, технолошко набљудување и промоција, тековно ќе се распоредуваат сите барања за впишување на промена во соодветните регистри кои ќе бидат поднесени во 2013 година.

Ќе се следат годишните такси и нивните рокови за веќе признаените патенти, и по однос на истите ќе се превземаат соодветни дејствија (Известување за такса или Решение за престанок на право на патент).

Во текот на 2013 година во Секторот за трговски марки, индустриски дизајн и географски ознаки согласно Планот за работа треба да се завршат промените кои се пристигнати до 2010, 2011 и 2012 година.
Исто така, треба да се решат приговорите по трговските марки кои биле поднесени заклучно со 31.12.2012 година. Тековно ќе се вршат провизорни одбивања, за меѓународни трговски марки и индустриски дизајн.

III.1.3 Како и досега, така и оваа 2013 година до месец октомври треба да се направат анализи од раководителите на секторите во ДЗИС за потребите од обука на државните службеници во секторите, и истите да се доставаат до СОР каде понатаму ќе се дефинираат потребните видови, форми, и нивоа на обука, финансиски средства, бројот на државни службеници кои треба да се обучат, причините за обука, очекуваните резултати и начините за проценка на тие резултати.

III.1.4 Согласно чл.24 ст.3 и 4 од Законот за државните службеници (“Сл.весник на РМ” бр. 59/00, 112/00, 34/01, 103/01, 43/02, 98/02, 17/03, 40/03, 85/03, 17/04, 69/04, 81/05, 61/06, 36/07, 161/08, 06/09, 114/09 и 76/10), ДЗИС како и другите органи на државната управа, има обврска да изготви Годишна програма за обука на државните службеници за 2014. Со оглед на тоа дека одделението за човечки ресурси во ДЗИС не е пополнето, оваа обврска ја има секторот за општи работи.

III.1.5 Согласно Законот за државни службеници ДЗИС како и другите органи на државната управа, има обврска да изготвува и доставува полугодишни извештаи за реализираните специјализирани обуки за вработените, до Министерството за информатичко општество и администрација

***Активности организирани од страна на ЕПО (Постојните административни совети, комитети и конференции):***

Во 2013 година неопходно е следење на работата на Административниот Совет на ЕПО, Комитетот за патентно право, Комитетот за буџет и финансии и Комитетот за техничка информација од страна на именувани службеници на ДЗИС. Република Македонија од Јануари 2009 година има полноправно членство во оваа Организација и право на глас.

До крајот на 2013 година ќе бидат одржани четири редовни годишни состаноци на Административниот Совет, еден на Комитетот за патентно право (овој состанок се одржува уште 2-3 пати годишно и се закажува по потреба), три на Комитетот за буџет и финансии и еден на Комитетот за техничка информација.

ПАТЛИБ Конференцијата е исто така значаен извор на патентни информации и активности и присуството на претставник од секторот е неопходно. Оваа конференција ќе се одржи во Минхен, Германија, на 22-25 април 2013.

Конференцијата за патентна информација Epidos 2013 ќе се одржи во Болоња, Италија, на 22-24 октомври 2013 година. Оваа конференција е исто така битна за стекнување патентни информации, поради што е неопходно присуство на претставник од секторот за патенти.

Конференцијата за прогласување на најдобри европски пронајдувачи на годината кои се натпреваруваат во четири различни области од индустријата ќе се одржи во Амстердам, Холандија, на 28 мај 2013 година.

***Активности организирани од страна на СОИС (Постојните работни групи и комитети):***

Активностите организирани од страна на Светската организација за интелектуалната сопственост во рамките на Постојаните работни групи и Комитети кои се однесуваат на подобрување на легистативата за правото за патенти и нивното усогласување со другите легистативи од земјите членки на СОИС ќе се следат од представници од Секторот за патенти. Покрај комитетот за ДСП Договорот  неопходно е следењето и на двата комитети, и тоа:

- Постојниот комитет на правото за патент кој се организира по 19 – ти пат ќе се одржи во Женева, Швајцарија, на 25 до 28 февруари 2013;

- 45-тиот Комитет на Експерти за Меѓународната патетна класификација кој истотака ќе се одржи во Женева, Швајцарија, на 27 февруари до 1 март 2013.

Во 2013 година неопходно е следење на работата на Постојниот комитет и рабоните групи за меѓународна регистрација на трговските марки, индустрискиот дизајн и Лисабонскио договор.

Во текот на 2013 година, ќе се одржат следниве состаноци на комитетот и работните групи:

- Работна група за правниот развој на Мадрискиот систем за меѓународна регистрација на трговските марки од 02 до 05 април 2013 година;

- Работна група на правниот развој на хашкиот систем за меѓународна регистрација на индустрискиот дизајн од 29.04 до 3 мај 2013 година;

Работна група за развој на Лисабонскиот систем ( ознаки на потекло) од 13 до 16 Мај 2013 година;

- Постојан комитет за правото на трговска марка од 27 до 31 мај 2013 година:

- Постојан комитет за правото на трговска марка од 04 до 08 ноември 2013 година; и

- Работна група за развоја на Лисабонскиот систем ( ознаки на потекло) од 02 до 06 декември 2013 година.

Најмалку еднаш годишно а по потреба и два пати годишно се одржуваат работните групи во врска со Ничанската класификација, на кои исто така е многу битно да се учествува со претставник од ДЗИС.

Претставници од Секторот за европски прашања, меѓународна соработка, правни работи и координација ќе учествуваат на 9-тиот состанок на Советодавниот комитет за спроведување на правата од интелектуална сопственост, што ќе се одржи во декември, во Женева, Швајцарија. Потребата за учество на состанокот произлегува од значењето на спроведувањето на правата од ИС и можноста на состанокот да се следат современите текови и тенденции во развиените земји во светот на планот на справување со повредите на правата од ИС.

III.1.6 До крајот на 2013 година ќе се одржат најмалку 2 (две) обуки од областа на заштитата/спроведувањето на индустриската сопственост, во организација на ЕПО и СОИС, надвор од територијата на Република Македонија, на кои исто така е неопходно учество на претставници од Заводот со цел зголемување на ефикасноста во спроведувањето на управната постапка за признавање и заштита на правата од индустриска сопственост.

III.1.7 Во рамките на соработката со ЕПО ќе се организира обука на вработените во ДЗИС за изучување на официјалните јазици на Европската патентна организација.

## III.2 Ефикасност на управната постапка

**Програма**: Заштита на индустриската сопственост
**Потпрограма**: Ефикасност на управната постапка
**Дата**: Фискална година 2013
**Динамика**: континуирано
**Цел**: Зголемување на ефикасноста во спроведување на управната постапка за признавање и заштита на правата од индустриска сопственост

| Активност | Одговорни | Рок или динамика | Потребни ресурси | Индикатор |
|---|---|---|---|---|
| 1.Пребарување на бази на податоци на барања на заинтересирани странки, издавање на потврди, изводи од регистри | Раководителите на секторите | континуирано | Ажурирани бази на податоци; обука во други заводи | Нумерички показатели дадени во квартални и годишни извештаи за раеализирани активности |
| 2.Дејствија во врска со застапувањето пред ДЗИС | Раководител на СЕПМСПРК | континуирано | Ажурирање на регистарот на застапници | Нумерички показатели дадени во квартални и годишни извештаи за раеализирани активности |
| 3.Подготовка и издавање на службеното гласило на ДЗИС | Раководителите на секторите, раководител на ОИИ | секој втор месец | Податоци од секторите | Издадено службено гласило на ДЗИС |
| 4. Постапување по претставки | Државни службеници именувани од директорот на ДЗИС | континуирано | Податоци од предметите | Издадени одговори |
| 5. Изготвување извештај до Министерство за правда во врска со претставките | Државни службеници именувани од директорот на ДЗИС | Два пати во годината (јули и јануари) | Поднесени претставки | Изготвен извештај |
| 6.Дополнување на 9-то издание на Ничанската класификација | Раководител на СТМИДГО | Прва половина на 2013 година | од сопствени извори | Објавен превод на веб страницата на ДЗИС |
| 7. Проект за создавање на база за решени предмети на трговски | Раководител на СТМИДГО | Втора половина на 2013 година | од сопствени извори | Испечатен материјал/објавен на веб |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| марки кој има за цел да ја евидентира праксата на Заводот во одлучувањето | | | | страницата на ДЗИС |
| 8. Ажурирање на Водичот на трговски марки и со вклучување на странска пракса за неконвенционалните трговски марки | Раководители на СТМИДГО | Втора половина на 2013 година | од сопствени извори | Испечатен материјал/објавен на веб страницата на ДЗИС |
| 9. Ставање во употреба на интерниот софтвер за евиденција на годишните такси за патенти | Раководител на СПТНП и ОИТ | Прва половина на 2013 година | Сектор за патенти и ОИТ | Број на испратени изв. за плаќање на такси за патенти |
| 10. Подготовка на Програма за сервисна ориентација на ДЗИС | Раководители на сектори | Втора половина на 2013 година | | Донесена Програма |

III.2.1 Во Секторот за патенти, технолошко набљудување и промоција, тековно ќе се распоредуваат сите барања (решерши) за пребарување во домашните и меѓународните бази на патенти кои ќе бидат поднесени во 2013 година. Тргнувајќи од бројот на барањата за пребарувања во текот на последните три години кој приближно изнесуваше околу 100 барања годишно, за 2013 година се очекува приближно истата бројка.

Во Секторот за трговски марки, индустриски дизајн и географски ознаки тековно ќе се земаат во работа барањата за пребарување (решерш), барањата за издавање на потврди и изводи.

III.2.2 Во Секторот за европски прашања, меѓународна соработка, правни работи и координација  тековно ќе се спроведуваат постапките во врска со застапувањето пред Заводот, по барањата за впишување во регистарот на застапници, впишување промени во регистарот на застапници, бришење од регистарот на застапници и други активности.

III.2.3 Во ДЗИС во 2013 година ќе се обработат и издадат вкупно 6 службени гласници, на секој два месеца, почнувајќи во месец февруари, и истовремено ќе бидат ставени на ВЕБ страницата на ДЗИС.

III.2.4 Согласно Законот за постапување по претставки и предлози (Сл.весник на РМ бр. 82/08) и Правилникот за содржината, начинот и формата на водење на евиденција на податоците што се однесуваат на постапувањето по претставките и предлозите како и содржината на извештаите (Сл.весник на РМ бр. 2/09), ДЗИС како и другите органи на државната управа има обврска да постапува по претставките и предлозите поднесени до ДЗИС. Во врска со оваа

обврска на ДЗИС, директорот на ДЗИС именува државни службеници од сите сектори за постапување по истите.

III.2.5 Согласно членот 19 став 2 од Законот за постапување по претставки и предлози и членот 8 од Правилникот за содржината, начинот и формата на водење на евиденција на податоците што се однесуваат на постапувањето по претставките и предлозите како и содржината на извештаите, ДЗИС како и другите државни органи има обврска да доставува Извештај два пати во годината до Министерството за правда, за податоците кои се однесуваат на постапувањето по претставки и предлози, и тоа до 31 јули за периодот од 01 јануари до 30 јуни во годината, и до 31 јануари за периодот од 1 јули до 31 декември во претходната година.

## III.3 Акти за внатрешно функционирање на ДЗИС

**Програма**: Заштита на индустриската сопственост
**Потпрограма**: Акти за внатрешно функционирање на ДЗИС
**Дата**: Фискална година 2013
**Цел**: Обезбедување на стручност, координација и одговорност во работата на ДЗИС

| Активност | Одговорни | Рок или динамика | Потребни ресурси | Индикатор |
|---|---|---|---|---|
| 1.Подготвување на Правилник за заштита на лични податоци согласно Законот за заштита на лични податоци | Помошник раководител на СОР во соработка со Раководителите на сектори и ИТ вработени | Јануари-јуни | Подготвен Предлог-Правилник | Донесување на Правилник |
| 2. Континуирано усогласување на интерните акти на ДЗИС со евентуалните измени и дополнувања на Законот за државни службеници и другите закони во врска со организацијата и работењето на органите на државната управа | Помошник раководител на СОР во соработка со Раководителите на сектори | Континуирано во тековната 2012 година. Усогласување со ИСО и | Подготвени предлог измени | Донесување на измените на правилниците |
| 3. Сертификација на ИСО 9001:2008 стандардите | Соодветна фирма за сертифиокација на ИСО стандардите | 30 април 2013 | Јавна набавка и соработка од страна на сите сектори на ДЗИС | Извршена сертификација |
| 4.Годишен извештај за работењето на | Помошник раководителот на ОИИ и | 31 март 2013 | Подготвени извештаи од секторите | Издаден годишниот извештај за 2013 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ДЗИС во 2013 | именувани државни службеници од секторите во ДЗИС | | | година за работењето на ДЗИС |
| 5.Годишен План за јавни набавки | Номинирани лица од директорот на ДЗИС | 31 јануари 2013 | Предлог план за јавни набавки | Донесен План за јавни набавки |
| 6.Годишен План за внатрешна ревизија | Раководител на ОВР | Тромесечно (4 пати во текот на годината) | Екипирање на одделението во 2013 | Доставување на годишниот план до централната единица за хармонизација при Мин.за финансии ЦЕХ |
| 7.Реализација на дел од Стратешки план предвиден за периодот (2011-2013) Ревизија на две области (буџетски циклус и ревизија на процесите на набавки и плаќања) | Раководител на ОВР | Во текот на годината | Екипирање на одделението во 2012 | Извршена ревизија на две области (буџетски циклус и ревизија на процесите на набавки и плаќања) |
| 8. Известување на ЦЕХ за извршени равизии во 2011 | Раководител на одделение за внатрешна ревизија | 15 мај 2012 | Собирање податоци од извршени ревизии | Доставено известување |
| 9. Спроведување на Постапка за ништење на архивската граѓа на ДЗИС | Сектор за СОР | Прва половина на 2013 | | Записник од ништењето на граѓата |

III.3.1 Согласно член 26-а од Законот за заштита на лични податоци ("Сл.Весник на РМ" бр. 7/2005, 103/2008 и 124/2010) директорот на ДЗИС во 2010 година од редот на вработените определи офицер за заштита на личните податоци. Офицерот за заштита на личните податоци покрај другите обврски определени со Законот, исто така има обврска да ги изработува внатрешните прописи за заштита на личните податоци и документацијата за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци.

III.3.2 ДЗИС преку СОПР има обврска да ги следи измените и дополнувањата кои настануваат во Законот за државни службеници и другите закони во врска со организацијата и работењето на органите на државната управа и да врши усогласување на интерните акти на ДЗИС со истите.

III.3.3 По извршената имплементација на ИСО стандардите 9001:2008 следува сертификација од овластена фирма за

стандардизација заради добивање сертификат за имплементиран ИСО стандард.

III.3.4 ДЗИС како и другите органи на државната управа, согласно потребите на Владата на РМ има обврска да изготви и да достави Годишен извештај за работата во претходната година.

III.3.5 Согласно Законот за јавни набавки, ДЗИС како и другите органи на државната управа има обврска да изготви Годишен план за јавни набавки согласно потребите на работата и вработените.

III.3.6,7,8, Vo sklad so Zakon za javna vnatre{na finansiska kontrola(Sl.vesnik na RM br.90/09),Rakovoditelot na Odelenieto za vnatre{na revizija,vo mesec Dekemvri 2012 god.go ima izgotveno i predadeno Godi{niot plan za 2013 god. i Strate{kiot plan za 2013-2015 god,do Ministerstvo za finansii odnosno Sektorot za javna vnatre{na finansiska kontrola.Vo 2013 god.ova oddelenie }e sprovede nekolku revizii koi se opfateni i predvideni vo planot za ova godina.

## III.4 Следење на Програмите на Владата од областа на Евроинтегративните процеси

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Програма**: Заштита на индустриската сопственост<br>**Потпрограма**:Следење на програмите на Владата за евроинтегративните процеси<br>**Дата**: Фискална година 2013<br>**Цел**: Достигнување на високи стандарди на заштитата и спроведувањето на заштитата на индустриската и интелектуалната сопственост во Република Македонија | | | | |
| Активност | Одговорни | Рок или динамика | Потребни ресурси | Индикатор |
| 1.Координација на активностите во врска со спроведувањето на Стратегијата за индустриска сопственост 2013-2016 | СПТНП во соработка со СЕПМСПР | континуирано | | Спроведени активности |
| 2. Следење на статусот на реализација на активностите предвидени во Националната програма за усвојување на законодавството на ЕУ - НПАА 2013 и подготовка на материјали за ревизија на НПАА 2013 и усвојување на | СЕПМСПР, во соработка со судовите, МВР, ДПИ, КТИС, ЦУ | континуирано | Подготвени материјали, одржани состанци, реферирање на статусот на реализација на состаноците на РКЕИ и ПРКЕИ | Доставување до СЕП на месечни и квартални извештаи за реализација на НПАА 2013 и материјали за НПАА 2014 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| НПАА 2014 | | | | |
| 3. Подготовка и учество на 9-тиот состанок на Поткомитет за внатрешен пазар и конкуренција | ДЗИС | јануари-мај | Обука на вработените за водење на проекти и преговори со ЕУ | Извештај од состанок |
| 4.Подготовка на материјали за 10-тиот состанок на Комитетот за стабилизација и асоцијација | ДЗИС | април-септември | Подготвени материјали | Извештај од состанок |
| 5.Координативно тело за интелектуална сопственост | Работна група со одлука на Влада | континуирано | Организација и спроведување на акции | Извештај од спроведени акции |
| 6.Учество во примена на Методологијата за статистичко следење и обработка на податоци за преземени мерки од спроведување на правата од интелектуална сопственост | СЕПМСПР во соработка со МП, ЦУ, ДПИ, МВР | полугодишно и по потреба (во зависност од потребите) | Учество во подготвување извештаи | Обезбедени статистички податоци |
| 7. Реализација на TAIEX проект: Регионална работилница за криминалот во областа на интелектуалната сопственост | СЕПМСПР | април | Подготвени теми, целни групи, предавачи и логистика на настанот за реализација на проектот | Реализација на проектот |
| 8.Имплементација на ИПА 2011 Компонента 1 за јакнење на капацитетите на институциите за спроведување на правата од интелектуална сопственост | Виш програмски службеник и раководители на сите сектори | Согласно утврдената временска рамка во проектното фише | Избран и акредитиран виш програмски службеник и формирана Работна група во ДЗИС | Реализација на проектот |

III.4.1

Согласно Националната програма за усвојување на правото на Европската унија - НПАА 2013 за Поглавјето 3.7 - Право на интелектуална сопственост, Стратегијата за индустриска сопственост треба да биде усвоена од Владата на Република Македонија до јуни 2013 година. Во Стратегијата посебен акцент

ќе се даде на патентната заштита и иновациите, спроведувањето на заштитата и трансферот на технологии кои произлегуваат од истражувањата на универзитетите.

III. 4.2

Следењето на статусот на реализација на активностите предвидени во Поглавјето 3.7. – Право на интелектуална сопственост - од Националната програма за усвојување на правото на Европската унија - НПАА 2013, како сеопфатен документ кој ја дефинира динамиката на усвојувањето на правото на ЕУ, опфаќа месечно и квартално прибирање податоци од институциите вклучени во спроведување на правата од интелектуална сопственост, организирање редовни месечни состаноци, подготвување месечни и квартални извештаи до СЕП, обезбедување месечни статистички податоци од акциите КТИС и доставување на податоците до СЕП. Ревиизијата на НПАА 2013 и подготовката на НПАА 2014 опфаќа: прибирање материјали од институциите од Работната група 3.7., кои содржат податоци за правната и институционалната рамка, како дел од тековната состојба, краткорочните (за 2014) и среднорочните приоритети (до 2016) и врз основа на добиените материјали подготовка на наративен текст и матрица на цели и активности, матрица на закони и подзаконски акти, анекси за вработувања, буџет, стратешки план и странска помош.

III. 4.3 и III.4. 4

Подготовката за учество на Поткомитетот за внатрешен пазар и конкуренција и Комитетот за стабилизација и асоцијација кои се одржуваат еднаш годишно, а опфаќаат едногодишен период за реферирање пред Европската комисија, подразбираат континуирани активности во насока на: обезбедување податоци од судовите, МВР, ДПИ, КТИС и ЦУ, подготовка на матерјал кој на синтетизиран начин треба да прикаже детална и прецизна слика за состојбата и напредокот во Поглавјето 3.7 – Право на интелектуална сопственост, при тоа осврнувајќи се на процесот на усогласување на законодавството на ЕУ, активностите за спроведување и следење на спроведувањето на законодавството како и јакнење на институционалниот и административниот капацитет за пристапување во ЕУ; учество на редовни состаноци за подготовки; подготвување на одговори на евентуално отворени прашања за Информација на Влада пред Комитетот и ревидирање на Извештаите од Комитетот.

III. 4.5

Координативното тело за интелектуална сопственост остварува значајни активности во областа на спроведувањето на правата на интелектуалната сопственост и борбата против фалсификувањето и пиратеријата. Административната подршка за работата на КТИС ја врши Државниот завод за индустриска сопственост. Во таа насока континуирано ги анализира состојбите во целокупната област на

заштита и спроведување на заштитата на индустриската сопственост, ги детерминира и ги посочува чувствителните сегменти во кои треба да се дејствува и врз основа на тоа предлага мерки и активности за зајакнување на заштитата на правата од индустриска сопственост, организира и одржува редовни состаноци, подготвува записници, подготвува информации за Влада, подготвува месечни извештаи за ЕК преку СЕП, објавува информации на веб страницата на ДЗИС, организира акции за уништување на одземени стоки од КТИС (два пати годишно).

III. 4.6
На 89-тата седница одржана на 09.10.2012 година, Владата ја усвои Методологијата за статистичко следење и обработка на податоци за преземени мерки од спроведување на правата од интелектуална сопственост и ги задолжи надлежните институции вклучително и ДЗИС да започнат да ја применуваат Методологијата од 01.01.2013 година.

III. 4.7 и III. 4.8
Во насока на адекватно и ефективно искористување на можностите за претпристапна поддршка на Европската комисија, ДЗИС аплицираше за TAIEX поддршка за организирање регионална работилница за криминалот во областа на интелектуалната сопственост и ИПА 2011 Компонента 1 за јакнење на капацитетите на институциите за ефикасно спроведување на правата од интелектуална сопственост. Проектите се одобрени од Европската комуисија и ниивната реализација се очекува во текот на 2013 година. Предложениот термин за TAIEX работилницата е април 2013, а според утврдената временска рамка за реализација на ИПА 2011 како дел од секторското проектно фише, имплементацијата треба да започне кон крајот на 2013 година.

## III.5 Иницијативи за ратификација на меѓународни договори и билатерална соработка

Програма: Заштита на индустриската сопственост
Потпрограма:Иницијативи за ратификација на меѓународни договори и билатерална соработка
Дата: Фискална година 2013
Цел: Унапредување на легислативата од областа на заштита на индустриската сопственост

| Активност | Одговорни | Рок или динамика | Потребни ресурси | Индикатор |
|---|---|---|---|---|
| 1.Подготовка на иницијатива за ратификација на Договорот од Најроби за заштита на олимписките симболи | Раководители на СЕПМСПР, СТМИДГО и МНР | декември | | Подготвена иницијатива |
| 2. донесување на нов Билатерален | Раководител на секторот за | Април 2013 | | Одобрен план од страна на |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| план за соработка на ДЗИС со ЕПО за 2013-2015 година | патенти | | | директорот на ДЗИС и Претседателот на Европскио завод за патенти |

III.5.1 Со ратификацијата на Договорот од Најроби за заштита на олимписките симболи, целосно ќе се исполнат обврските содржани во Анексот VII од CEFTA Договорот. Согласно НПАА 2013, рокот за донесување на Законот за ратификација на Договорот од Најроби е декември 2013 година.

## III.6 Поддршка на автоматските системи на управување

**Програма**: Заштита на индустриската сопственост
**Потпрограма**: Поддршка на автоматските системи на управување
**Дата**: Фискална година 2013
**Цел**: Обезбедување на непреченост во работењето и пристап до базите на податоци на ДЗИС

| Активност | Одговорни | Рок или динамика | Потребни ресурси | Индикатор |
|---|---|---|---|---|
| 1.Обезбедување на лиценци за Лотус софтверот и Оракал лиценци со цел да се стави во употреба новиот сервер за Ипас софтверот | Раководител на СОР, ИТ експерт | април | Јавна набавка | Законито и ефикасно работење на ДЗИС |
| 2.Обезбедување на техничко одржување на компјутерската опрема и одржување на компјутерските програми во функција на поддршка на оперативната работа на Заводот | Раководител на СОР, ИТ експерт | февруари | Јавна набавка | Непречено работење на системите на ДЗИС |
| 3.Подобрување во организацијата на компјутерската мрежа и распоред на одделни софтверски програми на серверите | Раководител на СОР, ИТ експерт | февруари | Јавна набавка | Подобрување на функционирањето на компјутерската мрежа на ДЗИС |
| 4. Редовно извршување на заштитата на | ИТ лице вработено во ОИИ | Во текот на целата година | Јавна набавка | Непречено работење на системите на ДЗИС |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| податоците и нивно чување во веќе постоечките “Server” компјутери и во надворешните “Backup Server” компјутери | | | | |
| 5.Ажурирање на web страницата на ДЗИС и превод на содржините на англиски и албански јазик | Раководител на СОР, ИТ експерт | декември | Јавна набавка | Транспарентност на работењето на ДЗИС |
| 6. Реализира ње на Проектот за скенирање на патентната документација | Раководител на СПТНП, ИТ експерт | декември | | Надградување на системите за електронско поднесување на патентни пријави (OLF online filing), espacenet level 1 |

III.6.1,2,3,4,5 За спроведување на поддршка на автоматските системи на ДЗИС потребни се финансиски средства и истите ќе бидат дадени во планот за јавни набавки.

III.6.6Во рамките на соработката со ЕПО ќе се реализира Проектот за скенирање на патентната документација со кој ќе се овозможи понатамошно надградување на системите за електронско поднесување на патентни пријави (OLF online filing), espacenet level 1 и приклучување на Република Македонија кон Федералниот европски патентен регистар.

## III.7 Промоција на индустриската сопственост

**Програма**: Заштита на индустриската сопственост
**Потпрограма**: Промоција на индустриската сопственост
**Дата**: Фискална година 2013
**Цел**: Афирмација за значењето на заштитата на индустриската сопственост

| Активност | Одговорни | Рок или динамика | Потребни ресурси | Индикатор |
|---|---|---|---|---|
| 1. Поддршка на презентирањето на иновативниот труд во државата и странство | Раководител на СПТНП и СПАТУМ | октомври | План за учество на IENA 2013 | Извештаи од резултатите, прес конференции, соопштенија за медиумите |
| 2. Одбележување на 26 Април, Светскиот ден на интелектуалната сопственост | Раководители на сектори на ДЗИС и КТИС | 26 Април | Јавна набавка | Извештај за активностите објавен на web страницата на WIPO, информирање на |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | медиумите |
| 3. Традиционално доделување на наградата “Патент на годината” за 2013 година | Раководители на сектори на ДЗИС | декември | Јавна набавка и соработка со WIPO | Извештај за активностите објавен на web страницата на ДЗИС и на WIPO, информирање на медиумите |
| 4. Обука на студенти од Правнот факултет “Јустинијан Први” | Раководители на сектори на ДЗИС | Во текот на целата година | Програма за реализација на активностите со дадена динамика | Извештај од реализираната обука |
| 5. Организирање семинари и преведување материјали за поддршка на мали и средни претпријатија во рамките на Проектот IP4inno | СПТНП | јуни | | Преведени материјали, одржани семинари |
| 6. Подготовка на публикација со поддршка на ЕПО, како основа за подготовка на Стратегијата за индустриска сопственост 2013-2016 година | Раководители на сектори | март | | Издадена публикација |
| 7. Организирање Симпозиум за предизвиците на индустриската сопственост на глобално рамниште во соработка со СОИС | Раководители на сектори | декември | | Одржан симпозиум |
| 8. Одбележување на 20-годишнината од оснивањето на ДЗИС | Раководители на сектори | Ноември 2013 | СОИС/ЕПО/ДЗИС | Одржана манифестација |

III.7.1 Традиционалното присуство на Заводот на меѓународни изложби на пронајдоци ќе биде реализирано во Нирнберг, Германија на изложбата IENA 2013. Согласно одлука на колегиумот на заводот истите пронајдоци можат да се претстават и на повеќе од една изложба.

III.7.2 Традиционално и оваа година ДЗИС, како и заводите на другите држави членки на СОИС, ќе го одбележи 26 Април, Светскиот ден на интелектуалната сопственост, преку изработка и промоција на промотивен видео материјал за иновациите и патентите во Република Македонија.

III.7.3 Годинешната Манифестација “Патент на годината” која ќе биде организира јубиларно по дваесети пат, ќе се одржи откога ке

бидат познати сите резултатите од меѓународните изложбите оджани во 2013 година. Наградата "Патент на годината 2013" ќе биде доделена на пронајдувачите, базирана во постигнатите резултати од меѓународните изложби на добиените награди и врз основа на Одлуката на Комисијата формирана од страна на преставници од Заводот и СПАТУМ.

III.7.4 Во текот на 2013 година како и во претходните години, врз основа на план изготвен од раководителите на сектори во ДЗИС, ќе се реализира широка едукативна активност за студентите од Правниот Факултет "Јустинијан Први" во просториите на ДЗИС или надвор од ДЗИС.

III.7.5 Во рамките на Проектот IP4inno, на македонски јазик ќе се преведат материјали за поддршка на мали и средни претпријатија, изработени од Европската комисија. Материјалите ќе се објават на веб страницата на ДЗИС и на порталот IP4inno, дизајниран и ажуриран од страна на Европската комисија. За промоција на преведените материјали, ќе се организираат 2 семинара за претставници од мали и средни претпријатија и студенти од Правниот факултет Јустинијан Први.

III.7.6 Подготовка на публикација во која ќе се дадат насоки за развојот на политиките на универзитетите во поддршка на патентната заштита и иновациите, трансферот на технологии, како и на спроведувањето на правата од индустриска сопственост. Публикацијата ќе биде основа за подготовка на новата Стратегија за индустриска сопственост 2013-2016 година.

III.7.7 Во рамките на Програмата за соработка со СОИС предвидено е да се одржи Симпозиум за предизвиците на индустриската сопственост на глобално рамниште.

III.7.8 Ќе се одбележи 20-годишнината од основањето на ДЗИС со организирање свечена манифестација и семинар од областа на индустриската сопственост. По тој повод ќе бидат поканети претставници од релевантните институциите од земјата и транство.

### III.8 Управување со човечки ресурси

| **Програма**: Заштита на индустриската сопственост<br>**Потпрограма**: Управување со човечки ресурси<br>**Дата**: Фискална година 2013<br>**Цел**: Усогласување со обврските кои произлегуваат од Законот за државни службеници и другите правни акти со кои се регулираат правата и обврските на ДЗИС и вработените | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Активност | Одговорни | Рок или динамика | Потребни ресурси | Индикатор |
| 1. Решенија за службени патувања и достава на | Помошник раководител на СОР | континуирано | Пополнување на одделението за човечки ресурси | Нумерички показатели дадени во квартални и |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| месечни извештаи со Табеларен приказ за службените патувања до Генералниот секретаријат на Владата на РМ | | | | годишни извештаи за реализирани активности и доставени месечни извештаи до Генералниот секретаријат на Владата на РМ |
| 2. Барање за прием на тројца волонтери | СОР | Прва четвртина на 2013 | Објава на оглас за прием и спроведена постапка | Еден примен волонтер за СЕПМСПР и двајца за СТМИДГО |

III.8.1 Во ДЗИС како и во другите органи на државната управа, се превземаат низа дејствија заради усогласување со законите и другите правни акти кои ги регулираат правата и обврските на вработените.

**ДИРЕКТОР,**
М-р Сафет Емрули